# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на третиот квартал од 2015 година

декември 2015 година

**Бруто надворешниот долг**, на крајот на третиот квартал од 2015 година, изнесува 6.232 милиони евра и во споредба со состојбата на крајот на претходниот квартал е намален за 114 милиони евра. Притоа, приватниот долг е намален за 90 милиони евра, додека јавниот долг за 24 милиони евра. На крајот на третиот квартал, **бруто надворешните побарувања** изнесуваат 4.225 милиони евра и бележат квартално намалување за 44 милиони евра. Притоа, јавните побарувања се намалени за 119 милиони евра, додека кај приватните побарувања бележиме зголемување од 75 милиони евра. Следствено, **нето надворешниот долг** во третиот квартал од 2015 година е намален за 70 милиони евра и изнесува 2.007 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2014 година**, бруто надворешниот долг е повисок за 239 милиони евра, од кои приближно 80% се однесуваат на зголемениот јавен долг. Притоа, долгот врз основа на репо-трансакциите што ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1] бележи зголемување од 279 милиони евра. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг е намален за 40 милиони евра, што произлегува од намалувањето на јавниот долг за 90 милиони евра (намалување на долгот на државата за 144 милиони евра, во најголем дел поради отплатените обврски по заеми кон ММФ), при зголемување на приватниот долг за 50 милиони евра. Бруто надворешните побарувања се повисоки за 77 милиони евра, при зголемени приватни побарувања за 73 милиони евра. Доколку се исклучи ефектот од обратните репо-трансакции, бруто надворешните побарувања се пониски за 201 милион евра. Следствено, нето надворешниот долг е зголемен за 162 милиона евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција**, во текот на третиот квартал од 2015 година, е намалена за 23 милиони евра, што произлегува од споменатиот пад на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 70 милиони евра), наспроти растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 48 милиони евра). На крајот на третиот квартал на 2015 година, негативната нето МИП изнесува 4.768 милиони евра, или 53,2% од БДП. И натаму, најголемиот дел (84,4%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 75,8% се врз основа на сопственички капитал.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2014 | | 30.06.2015 | | 30.09.2015 | | промена во однос на крај на претходна година | | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **5,992.3** | **70.2** | **6,345.6** | **70.8** | **6,231.5** | **69.6** | **239.2** | **4.0** | **-0.7** | **-114.1** | **-1.8** | **-1.3** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***5,992.3*** | ***70.2*** | ***6,016.6*** | ***67.2*** | ***5,952.3*** | ***66.4*** | **-39.9** | **-0.7** | **-3.8** | **-64.3** | **-1.1** | **-0.7** |
| Долгорочен долг | 4,654.6 | 54.6 | 4,653.4 | 51.9 | 4,660.1 | 52.0 | 5.5 | 0.1 | -2.6 | 6.7 | 0.1 | 0.1 |
| Краткорочен долг | 1,337.7 | 15.7 | 1,692.1 | 18.9 | 1,571.4 | 17.5 | 233.8 | 17.5 | 1.9 | -120.7 | -7.1 | -1.3 |
| Јавен долг | 2,846.8 | 33.4 | 3,059.9 | 34.2 | 3,036.3 | 33.9 | 189.5 | 6.7 | 0.5 | -23.7 | -0.8 | -0.3 |
| Приватен долг | 3,145.5 | 36.9 | 3,285.6 | 36.7 | 3,195.3 | 35.7 | 49.8 | 1.6 | -1.2 | -90.4 | -2.8 | -1.0 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,147.2** | **48.6** | **4,268.6** | **47.6** | **4,224.7** | **47.2** | **77.5** | **1.9** | **-1.5** | **-44.0** | **-1.0** | **-0.5** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4,147.2*** | ***48.6*** | ***3,939.7*** | ***44.0*** | ***3,945.8*** | ***44.0*** | **-201.4** | **-4.9** | **-4.6** | **6.1** | **0.2** | **0.1** |
| **Нето надворешен долг** | **1,845.1** | **21.63** | **2,076.9** | **23.18** | **2,006.8** | **22.40** | **161.7** | **8.8** | **0.8** | **-70.1** | **-3.4** | **-0.8** |
| **МИП, нето** | **-4,549.0** | **-53.33** | **-4,790.7** | **-53.47** | **-4,768.1** | **-53.22** | **-219.1** | **4.8** | **0.1** | **22.6** | **-0.5** | **0.3** |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: ДЗС, НБРМ.




Бруто надворешниот долг, заклучно со третиот квартал на 2015 година, изнесува 6.232 милиони евра, или 69,6% од проектираниот БДП за оваа година, при квартално намалување од 114 милиони евра (или 1,8%).

Во однос на крајот на 2014 година, бруто надворешниот долг е зголемен за 239 милиони евра (или 4,0%).

Извор: НБРМ.




Учеството на приватниот надворешен долг во структурата на бруто-долгот опаѓа, така што на крајот на третиот квартал на 2015 година се сведе на 51,3%.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочната структура на бруто-долгот, најголемо учество има долгорочниот долг. Во третиот квартал од годинава, краткорочниот долг се намали за дополнителни 121 милион евра, со што се сведе на ¼ од вкупниот долг.




Извор: НБРМ.

Анализата на секторската структура на бруто надворешниот долг покажува доминантно учество на секторот држава и на останатите сектори во надворешната задолженост, од 31,8% и 31,5%, соодветно. По нив, следува долгот на капитално поврзаните субјекти (21,5%).




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел, или 68,0% од бруто надворешната задолженост на земјата е врз основа на заеми, по што следува задолженоста врз основа на трговски кредити, со учество од 17,1%.




Извор: НБРМ.

Анализирани според валутната структура, најголемиот дел од обврските врз основа на заеми се во евра (85,1%).




Извор: НБРМ.

Намалувањето на бруто надворешниот долг, во третиот квартал на 2015 година, претежно произлегува од падот на приватниот долг за 90 милиони евра, како и од намалениот јавен долг за 24 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на јавниот долг произлегува од намалувањето на долгот на централната банка (за 50 милиони евра), при истовремено зголемување на долгот на јавните претпријатија и јавните банки за 22 милиона евра.




Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на долгот на приватниот сектор се должи на намалувањето на долгот кај сите потсектори (приватните банки за 32 милиона евра, небанкарскиот приватен сектор за 30 милиони евра и меѓукомпанискиот долг за 28 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Анализирано според институционални сектори, кварталното намалување на надворешната задолженост е одраз на движењата кај речиси сите сектори, со исклучок на релативно стабилното ниво на долгот на секторот „држава".




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2014 година, најголемиот дел од растот на бруто-долгот произлегува од јавниот долг (189 милиони евра). Доколку се исклучи ефектот од растот на долгот врз основа на репо-трансакциите на централната банка (279 милиони евра), јавниот долг е понизок за 90 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, зголемувањето на бруто-долгот во однос на крајот на 2014 година произлегува од централната банка (283 милиони евра, најмногу врз основа на репо-трансакциите), останатите сектори (85 милиони евра) и од меѓукомпанискиот долг (48 милиони евра). Наспроти ова, кај секторот „држава“ бележиме намалување на долгот за 145 милиони евра.




Извор: НБРМ.

На 30.9.2015 година, бруто надворешните побарувања изнесуваат 4.225 милиони евра, или 47,2% од проектираниот БДП за годинава. На квартална основа, побарувањата од нерезиденти се намалени за 44 милиони евра (или 1%), додека во однос на крајот од 2014 година, се повисоки за 77 милиони евра (или 1,9%).




Извор: НБРМ.

Во третиот квартал на 2015 година бележиме намалено учество на јавните бруто надворешни побарувања (за 2,2 п.п.), но тие и натаму преовладуваат во структурата на вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочноста, во третиот квартал на 2015 година, бележиме дополнително квартално зголемување на учеството на краткорочните побарувања (за 1,8 п.п.).




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел, или 53,2% од бруто надворешните побарувања ѝ припаѓаат на централната банка. По нив следуваат побарувањата на останатите сектори, со 22,8% и побарувањата на депозитните институции, со 14,6% од вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Анализата на структурата на побарувањата по инструменти покажува најголемо учество на хартиите од вредност (40,8%), по што следат трговските кредити и аванси (26,2%), валутите и депозитите (19,8%) и заемите (13%).



**Придонес во кварталната промена на бруто надворешните побарувања - јавни и приватни (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на бруто надворешните побарувања од 44 милиони евра е резултат на падот кај јавните побарувања (за 119 милиони евра), при пораст на приватните побарувања (за 75 милиони евра).



**Придонес на потсекторите во кварталната промена на приватните побарувања (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Зголемувањето на приватните надворешни побарувања во третиот квартал на 2015 година се должи на пораст кај сите потсектори, а најмногу кај небанкарскиот приватен сектор (за 57 милиони евра).



**Придонес на институционалните сектори во кварталната промена на бруто надворешни побарувања (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, кварталното намалување на бруто-побарувањата произлегува од централната банка (за 106 милиони евра) и државата (за 13 милиони евра), при истовремено зголемување на побарувањата на преостанатите сектори.




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2014 година, зголемувањето на бруто надворешните побарувања речиси во целост произлегува од приватните побарувања, коишто се зголемени за 73 милиони евра, при минимално зголемување на јавните побарувања за само 5 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Збирниот раст на вкупните надворешни побарувања од почетокот на годината се должи на растот кај останатите сектори (со 89 милиони евра), централната банка (со 26 милиони евра) и побарувањата врз основа на заемите меѓу поврзани субјекти (за 8 милиони евра). Од друга страна, намалување бележиме кај побарувањата на депозитните институции (за 25 милиони евра) и државата (за 22 милиони евра).




Извор:НБРМ.

Во услови на поголем пад на бруто надворешниот долг од падот кај надворешните побарувања, нето надворешниот долг во третиот квартал на 2015 година е намален за 70 милиони евра (3,4%) и изнесува 2.007 милиони евра (22,4% од проектираниот БДП).

Во однос на крајот на 2014 година, нето надворешниот долг е зголемен за 162 милиона евра (8,8%).




Извор:НБРМ.

Главна причина за падот на нето-долгот во третиот квартал е намалувањето на приватниот нето-долг, којшто и понатаму има најголемо учество од 62,1%.




Извор:НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, освен централната банка, сите други сектори се нето-должници кон странство. Покрај државата, најголем нето-должник се останатите сектори, со релативно изедначен долг кон неповрзани и капитално поврзани субјекти, од 1.000 и 974 милиони евра, соодветно.

Од аспект на движењата, најголем придонес за растот на нето-долгот, како на квартална, така и на збирна основа, има централната банка.




Извор: НБРМ.

Во текот на третиот квартал на 2015 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е намалена за 23 милиони евра (или за 0,3 п.п. од БДП) и изнесува 4.768 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, најголемиот дел (84,4%) се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 75,8% се врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Придонес за кварталниот пад на негативната нето МИП има поголемиот пад на обврските (за 70 милиони евра), наспроти намалувањето на средствата (за 47 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, кварталниот пад на негативната нето МИП произлегува од намалувањето на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 70 милиони евра), делумно нетирано со растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 48 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во однос на крајот на 2014 година, негативната нето МИП бележи збирен раст од 219 милиони евра, што првенствено се објаснува со растот на нето-обврските врз основа на должнички инструменти за 162 милиона евра, како и со умерениот раст на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти од 57 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти во третиот квартал главно се должи на растот на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции (за 39 милиони евра), при истовремено намалување на средствата во монетарно злато (за 12 милиони евра, главно поради курсни промени).

Заклучно со септември 2015 година, растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти произлегува од растот на сопственичкиот капитал во рамки на директните инвестиции.

# ПРИЛОГ-ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 158.7 | 169.1 | 163.3 | 157.7 | 139.9 | 153.4 | 134.3 | -23.4 | -14.8 | -19.1 | -12.4 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 165.6 | 164.8 | 680.8 | 674.4 | 689.1 | 660.8 | 653.3 | -21.1 | -3.1 | -7.6 | -1.1 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 4,133.8 | 4,255.1 | 4,323.5 | 3,981.8 | 4,185.5 | 4,272.0 | 4,237.6 | 255.7 | 6.4 | -34.4 | -0.8 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,092.5 | 1,077.0 | 1,087.6 | 1,040.1 | 1,086.8 | 1,116.4 | 1,064.1 | 24.0 | 2.3 | -52.3 | -4.7 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 73.7 | 74.5 | 76.6 | 78.2 | 83.5 | 82.9 | 82.2 | 4.0 | 5.2 | -0.7 | -0.8 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,630.4** | **5,746.8** | **6,338.0** | **5,992.3** | **6,244.7** | **6,345.6** | **6,231.5** | **239.2** | **4.0** | **-114.1** | **-1.8** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 1,625.9 | 1,604.7 | 2,147.2 | 2,125.6 | 2,020.9 | 1,976.8 | 1,981.1 | -144.6 | -6.8 | 4.3 | 0.2 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 378.0 | 378.6 | 381.5 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 283.2 | 362.2 | -50.5 | -12.3 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.1 | 468.2 | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 606.1 | 607.9 | 582.8 | 614.4 | 601.9 | 608.4 | 582.0 | -32.4 | -5.3 | -26.4 | -4.3 |
| Останати сектори | 1,321.9 | 1,347.0 | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,792.6 | 1,905.3 | 1,928.3 | 1,879.8 | 1,946.8 | 1,977.8 | 1,964.6 | 84.8 | 4.5 | -13.2 | -0.7 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 682.7 | 837.6 | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,227.9 | 1,250.3 | 1,298.2 | 1,294.2 | 1,338.4 | 1,370.7 | 1,342.4 | 48.2 | 3.7 | -28.3 | -2.1 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,630.4** | **5,746.8** | **6,338.0** | **5,992.3** | **6,244.7** | **6,345.6** | **6,231.5** | **239.2** | **4.0** | **-114.1** | **-1.8** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.8** | **55.9** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **66.0** | **67.4** | **74.3** | **70.2** | **69.7** | **70.8** | **69.6** | | **-0.7** | | **-1.3** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,326.1*** | ***5,442.7*** | ***6,033.1*** | ***5,992.3*** | ***5,991.5*** | ***6,016.6*** | ***5,952.3*** | ***-39.9*** | ***-0.7*** | ***-64.3*** | ***-1.1*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***62.4*** | ***63.8*** | ***70.7*** | ***70.2*** | ***66.9*** | ***67.2*** | ***66.4*** | | ***-3.8*** | | ***-0.7*** |
| Долгорочен долг | 2,141.6 | 2,538.1 | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 3,947.4 | 4,037.0 | 4,636.2 | 4,654.6 | 4,660.6 | 4,653.4 | 4,660.1 | 5.5 | 0.1 | 6.7 | 0.1 |
| Краткорочен долг | 1,162.6 | 1,242.2 | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,683.0 | 1,709.8 | 1,701.8 | 1,337.7 | 1,584.1 | 1,692.1 | 1,571.4 | 233.8 | 17.5 | -120.7 | -7.1 |
| Долгорочен долг% | 64.8 | 67.1 | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 70.1 | 70.2 | 73.1 | 77.7 | 74.6 | 73.3 | 74.8 | | -2.9 | | 1.4 |
| Краткорочен долг% | 35.2 | 32.9 | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 29.9 | 29.8 | 26.9 | 22.3 | 25.4 | 26.7 | 25.2 | | 2.9 | | -1.4 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.6 | 37.5 | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 46.3 | 47.3 | 54.4 | 54.6 | 52.0 | 51.9 | 52.0 | | -2.6 | | 0.1 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.2 | 18.4 | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 19.7 | 20.0 | 20.0 | 15.7 | 17.7 | 18.9 | 17.5 | | 1.9 | | -1.3 |
| **Јавен долг** | **1,109.9** | **1,324.9** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,505.0** | **2,582.6** | **3,141.6** | **2,846.8** | **3,024.9** | **3,059.9** | **3,036.3** | **189.5** | **6.7** | **-23.7** | **-0.8** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 1,625.9 | 1,604.7 | 2,147.2 | 2,125.6 | 2,020.9 | 1,976.8 | 1,981.1 | -144.6 | -6.8 | 4.3 | 0.2 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 378.0 | 378.6 | 381.5 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 283.2 | 362.2 | -50.5 | -12.3 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 501.1 | 599.3 | 612.9 | 643.0 | 667.2 | 671.3 | 693.8 | 50.8 | 7.9 | 22.4 | 3.3 |
| **Приватен долг** | **2,194.2** | **2,455.5** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,125.4** | **3,164.2** | **3,196.4** | **3,145.5** | **3,219.8** | **3,285.6** | **3,195.3** | **49.8** | **1.6** | **-90.4** | **-2.8** |
| Јавен долг% | 33.6 | 35.0 | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 44.5 | 44.9 | 49.6 | 47.5 | 48.4 | 48.2 | 48.7 | | 1.2 | | 0.5 |
| Приватен долг% | 66.4 | 65.0 | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 55.5 | 55.1 | 50.4 | 52.5 | 51.6 | 51.8 | 51.3 | | -1.2 | | -0.5 |
| Јавен долг/БДП % | 16.4 | 19.6 | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 29.4 | 30.3 | 36.8 | 33.4 | 33.8 | 34.2 | 33.9 | | 0.5 | | -0.3 |
| Приватен долг/БДП % | 32.4 | 36.3 | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.6 | 37.1 | 37.5 | 36.9 | 35.9 | 36.7 | 35.7 | | -1.2 | | -1.0 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: ДЗС, НБРМ.

Табела 2
**Бруто надворешни побарувања***
(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 643.0 | 778.5 | 846.3 | 896.5 | 874.4 | 799.1 | 837.0 | -59.5 | -6.6 | 38.0 | 4.7 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,610.6 | 1,395.3 | 1,945.6 | 1,943.7 | 1,840.9 | 1,805.4 | 1,722.4 | -221.3 | -11.4 | -82.9 | -4.6 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 801.5 | 763.6 | 730.4 | 286.7 | 518.9 | 612.2 | 551.0 | 264.3 | 92.2 | -61.2 | -10.0 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 930.3 | 1,012.8 | 1,051.6 | 1,014.5 | 1,063.2 | 1,045.5 | 1,107.8 | 93.3 | 9.2 | 62.3 | 6.0 |
| Останати побарувања | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 0.2 | 11.4 | 0.0 | -2.2 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 3.8 | 3.9 | 4.1 | 4.3 | 5.0 | 4.8 | 4.7 | 0.5 | 11.5 | 0.0 | -1.0 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **3,990.7** | **3,955.5** | **4,579.5** | **4,147.2** | **4,304.0** | **4,268.6** | **4,224.7** | **77.5** | **1.9** | **-44.0** | **-1.0** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 44.0 | 44.5 | 47.7 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 28.2 | -21.6 | -43.3 | -13.2 | -31.8 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,040.3 | 1,966.8 | 2,533.2 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 26.2 | 1.2 | -106.0 | -4.5 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.6 | 496.8 | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 538.2 | 532.4 | 586.0 | 641.1 | 619.4 | 601.4 | 616.5 | -24.7 | -3.8 | 15.1 | 2.5 |
| Останати сектори | 507.0 | 440.2 | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 809.7 | 883.0 | 904.1 | 875.1 | 928.0 | 907.9 | 964.6 | 89.5 | 10.2 | 56.8 | 6.3 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133.3 | 194.6 | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 558.5 | 528.9 | 508.6 | 360.3 | 335.2 | 365.0 | 368.4 | 8.1 | 2.2 | 3.3 | 0.9 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **3,990.7** | **3,955.5** | **4,579.5** | **4,147.2** | **4,304.0** | **4,268.6** | **4,224.7** | **77.5** | **1.9** | **-44.0** | **-1.0** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.3** | **37.9** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **46.8** | **46.4** | **53.7** | **48.6** | **48.0** | **47.6** | **47.2** | | **-1.5** | | **-0.5** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***3,686.4*** | ***3,651.4*** | ***4,273.3*** | ***4,147.2*** | ***4,050.8*** | ***3,939.7*** | ***3,945.8*** | ***-201.4*** | ***-4.9*** | ***6.1*** | ***0.2*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП %*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***43.2*** | ***42.8*** | ***50.1*** | ***48.6*** | ***45.2*** | ***44.0*** | ***44.0*** | | ***-4.6*** | | ***0.1*** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.2 | 1,087.9 | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,079.4 | 1,833.1 | 2,348.4 | 2,235.6 | 2,104.9 | 2,069.6 | 1,971.5 | -264.1 | -11.8 | -98.2 | -4.7 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.3 | 1,473.5 | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.3 | 2,122.4 | 2,231.1 | 1,911.6 | 2,199.1 | 2,199.0 | 2,253.2 | 341.6 | 17.9 | 54.2 | 2.5 |
| Долгорочни побарувања% | 50.1 | 42.5 | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 52.1 | 46.3 | 51.3 | 53.9 | 48.9 | 48.5 | 46.7 | | -7.2 | | -1.8 |
| Краткорочни побарувања% | 49.9 | 57.5 | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 47.9 | 53.7 | 48.7 | 46.1 | 51.1 | 51.5 | 53.3 | | 7.2 | | 1.8 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.7 | 16.1 | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 24.4 | 21.5 | 27.5 | 26.2 | 23.5 | 23.1 | 22.0 | | -4.2 | | -1.1 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.6 | 21.8 | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.4 | 24.9 | 26.2 | 22.4 | 24.5 | 24.5 | 25.2 | | 2.7 | | 0.6 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.5** | **1,429.8** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,084.3** | **2,011.2** | **2,580.8** | **2,270.6** | **2,421.4** | **2,394.4** | **2,275.2** | **4.6** | **0.2** | **-119.2** | **-5.0** |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 44.0 | 44.5 | 47.7 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 28.2 | -21.6 | -43.3 | -13.2 | -31.8 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,040.3 | 1,966.8 | 2,533.2 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 26.2 | 1.2 | -106.0 | -4.5 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватен побарувања** | **1,030.9** | **1,131.6** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,906.4** | **1,944.3** | **1,998.7** | **1,876.5** | **1,882.6** | **1,874.2** | **1,949.4** | **72.9** | **3.9** | **75.2** | **4.0** |
| Јавни побарувања% | 56.9 | 55.8 | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 52.2 | 50.8 | 56.4 | 54.8 | 56.3 | 56.1 | 53.9 | | -0.9 | | -2.2 |
| Приватни побарувања% | 43.1 | 44.2 | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 47.8 | 49.2 | 43.6 | 45.2 | 43.7 | 43.9 | 46.1 | | 0.9 | | 2.2 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.1 | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 24.4 | 23.6 | 30.3 | 26.6 | 27.0 | 26.7 | 25.4 | | -1.2 | | -1.3 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.2 | 16.7 | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 22.3 | 22.8 | 23.4 | 22.0 | 21.0 | 20.9 | 21.8 | | -0.2 | | 0.8 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.
Извор: ДЗС, НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -484.3 | -609.4 | -682.9 | -738.8 | -734.5 | -645.7 | -702.7 | 36.1 | -4.9 | -57.0 | 8.8 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,445.1 | -1,230.4 | -1,264.8 | -1,269.3 | -1,151.9 | -1,144.5 | -1,069.2 | 200.2 | -15.8 | 75.4 | -6.6 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,332.2 | 3,491.5 | 3,593.1 | 3,695.1 | 3,666.6 | 3,659.8 | 3,686.6 | -8.6 | -0.2 | 26.8 | 0.7 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 162.2 | 64.2 | 35.9 | 25.7 | 23.6 | 70.9 | -43.7 | -69.3 | -270.3 | -114.6 | -161.6 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.7 | 58.5 | 58.4 | 58.3 | 58.3 | -0.2 | -0.3 | 0.0 | 0.1 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 69.9 | 70.6 | 72.5 | 73.9 | 78.5 | 78.1 | 77.5 | 3.5 | 4.8 | -0.6 | -0.8 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,639.7** | **1,791.3** | **1,758.5** | **1,845.1** | **1,940.7** | **2,076.9** | **2,006.8** | **161.7** | **8.8** | **-70.1** | **-3.4** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 1,581.9 | 1,560.2 | 2,099.6 | 2,075.8 | 1,969.9 | 1,935.3 | 1,952.8 | -123.0 | -5.9 | 17.5 | 0.9 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -1,662.3 | -1,588.1 | -2,151.7 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | 257.0 | -12.0 | 55.5 | -2.9 |
| Депозитни институции, освен централна банка | -6.6 | -28.6 | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | 67.8 | 75.4 | -3.2 | -26.7 | -17.5 | 7.1 | -34.4 | -7.7 | 29.0 | -41.5 | -585.8 |
| Останати сектори | 814.9 | 906.8 | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 982.9 | 1,022.4 | 1,024.3 | 1,004.7 | 1,018.8 | 1,070.0 | 1,000.0 | -4.7 | -0.5 | -70.0 | -6.5 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 549.4 | 643.0 | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 669.4 | 721.4 | 789.5 | 933.9 | 1,003.2 | 1,005.7 | 974.0 | 40.1 | 4.3 | -31.6 | -3.1 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,639.7** | **1,791.3** | **1,758.5** | **1,845.1** | **1,940.7** | **2,076.9** | **2,006.8** | **161.7** | **8.8** | **-70.1** | **-3.4** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.5** | **18.0** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **19.2** | **21.0** | **20.6** | **21.6** | **21.7** | **23.2** | **22.4** | | **0.8** | | **-0.8** |
| Долгорочен долг | 942.4 | 1,450.2 | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 1,868.0 | 2,203.9 | 2,287.8 | 2,419.1 | 2,555.7 | 2,583.8 | 2,688.6 | 269.6 | 11.1 | 104.8 | 4.1 |
| Краткорочен долг | -30.7 | -231.3 | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -228.3 | -412.6 | -529.3 | -574.0 | -615.0 | -506.9 | -681.8 | -107.8 | 18.8 | -175.0 | 34.5 |
| Долгорочен долг% | 103.4 | 119.0 | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 113.9 | 123.0 | 130.1 | 131.1 | 131.7 | 124.4 | 134.0 | | 2.9 | | 9.6 |
| Краткорочен долг% | -3.4 | -19.0 | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -13.9 | -23.0 | -30.1 | -31.1 | -31.7 | -24.4 | -34.0 | | -2.9 | | -9.6 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.9 | 21.4 | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 21.9 | 25.8 | 26.8 | 28.4 | 28.5 | 28.8 | 30.0 | | 1.7 | | 1.2 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.5 | -3.4 | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -2.7 | -4.8 | -6.2 | -6.7 | -6.9 | -5.7 | -7.6 | | -0.9 | | -2.0 |
| **Јавен долг** | **-251.6** | **-104.9** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **420.7** | **571.4** | **560.8** | **576.1** | **603.5** | **665.5** | **761.0** | **184.9** | **32.1** | **95.5** | **14.3** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 1,581.9 | 1,560.2 | 2,099.6 | 2,075.8 | 1,969.9 | 1,935.3 | 1,952.8 | -123.0 | -5.9 | 17.5 | 0.9 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -1,662.3 | -1,588.1 | -2,151.7 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | 257.0 | -12.0 | 55.5 | -2.9 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 501.1 | 599.3 | 612.9 | 643.0 | 667.2 | 671.3 | 693.8 | 50.8 | 7.9 | 22.4 | 3.3 |
| **Приватен долг** | **1,163.3** | **1,323.9** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,219.0** | **1,219.9** | **1,197.7** | **1,268.9** | **1,337.2** | **1,411.4** | **1,245.8** | **-23.1** | **-1.8** | **-165.6** | **-11.7** |
| Јавен долг% | -27.6 | -8.6 | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 25.7 | 31.9 | 31.9 | 31.2 | 31.1 | 32.0 | 37.9 | | 6.7 | | 5.9 |
| Приватен долг% | 127.6 | 108.6 | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 74.3 | 68.1 | 68.1 | 68.8 | 68.9 | 68.0 | 62.1 | | -6.7 | | -5.9 |
| Јавен долг/БДП % | -3.7 | -1.6 | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 4.9 | 6.7 | 6.6 | 6.8 | 6.7 | 7.4 | 8.5 | | 1.7 | | 1.1 |
| Приватен долг/БДП % | 17.2 | 19.6 | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.3 | 14.3 | 14.0 | 14.9 | 14.9 | 15.8 | 13.9 | | -1.0 | | -1.8 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: ДЗС, НБРМ.

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | | | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1-2014 | Кв.2-2014 | Кв.3-2014 | Кв.4-2014 | Кв.1-2015 | Кв.2-2015 | Кв.3-2015 | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,590.0** | **-4,660.3** | **-4,552.2** | **-4,549** | **-4,605.7** | **-4,790.7** | **-4,768** | **22.6** | **-0.5** | **-219.1** | **4.8** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,404.0 | 4,392.5 | 5,034.1 | 4,634.0 | 4,830.1 | 4,786.3 | 4,738.9 | -47.4 | -1.0 | 104.9 | 2.3 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 8,993.9 | 9,052.7 | 9,586.3 | 9,183.0 | 9,435.8 | 9,577.0 | 9,507.0 | -70.0 | -0.7 | 324.0 | 3.5 |
| **МИП-нето /БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-55.9** | **-53.8** | **-54.6** | **-53.4** | **-53.3** | **-51.4** | **-53.5** | **-53.2** | | **0.3** | | **0.1** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,556.3 | -2,095.6 | -2,071.9 | -1,966.0 | -1,931.4 | -1,948.9 | -17.5 | 0.9 | 123.0 | -5.9 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | 2,360.3 | 2,358.9 | 2,272.0 | 2,172.6 | 2,105.5 | -67.1 | -3.1 | -253.4 | -10.7 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -604.9 | -621.2 | -550.6 | -534.5 | -542.7 | -566.9 | -525.0 | 41.9 | -7.4 | 9.5 | -1.8 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,275.2 | -4,282.0 | -4,266.3 | -4,301.6 | -4,369.1 | -4,465.1 | -4,399.9 | 65.2 | -1.5 | -98.3 | 2.3 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,839.5 | -3,824.4 | -3,825.5 | -3,902.7 | -3,973.6 | -4,017.1 | -4,024.2 | -7.0 | 0.2 | -121.4 | 3.1 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -147.6 | -137.8 | -643.2 | -621.7 | -617.8 | -590.4 | -580.2 | 10.3 | -1.7 | 41.5 | -6.7 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.3 | -3.4 | -3.5 | -3.5 | -3.6 | -3.6 | 0.0 | 0.0 | -0.1 | 2.6 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | 405.6 | 466.0 | 463.2 | 431.8 | 461.8 | 30.0 | 6.9 | -4.2 | -0.9 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,818.6 | -2,891.5 | -2,907.3 | -2,926.3 | -2,843.4 | -2,838.8 | -2,876.4 | -37.6 | 1.3 | 49.8 | -1.7 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | -12.7 | 50.9 | 61.6 | 79.4 | 96.4 | 53.7 | 147.6 | 93.9 | 174.8 | 68.2 | 85.9 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 0.0 | -2.2 | 0.2 | 11.4 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | 2,435.0 | 2,436.5 | 2,354.8 | 2,254.8 | 2,187.4 | -67.5 | -3.0 | -249.1 | -10.2 |
| Специјални права на влечење, нето | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -76.6 | -78.2 | -83.5 | -82.9 | -82.2 | 0.7 | -0.8 | -4.0 | 5.2 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: ДЗС, НБРМ.